## Последното писмо

Ѕвездена вечер го покри темното небо. Појас од ситни светкави ѕвезди трепери над мене.Седам на тревата уште од зајдисонце, чекајќи да се појават ѕвездите. Во една од нив можеби повторно ќе го видам твојот поглед, кој засекогаш си врежа место во моето младо срце. Го благословував денот кога те видов првпат.Тоа беше тивко дури нечујно поминување покрај мене, иако беше тивко, јас го почувствував твојот чекор,го слушнав отчукувањето на твоето срце,иако твојот поглед беше краток, како да ме допираше, како што ме гледаше така кожата ми се ежеше, како свеќа се топев пред тебе...

Те засакав без да знам ништо за тебе, во тие црни очи, црна коса. Се заљубив во тоа фино момче кое го сретнав таа магична ноќ, во тоа темно ќоше од улицата. Тебе може да те погледнуваат уште илјадапати и повторно да не го видат она што јас го гледам во тебе. Јас во тебе гледам личност со која можам да допрам до највисокото ниво на среќата, ти за мене претставуваш извор на мојата среќа.Секојпат кога те гледам срцето ми добива некој чуден тек на биење, а нозете ја губат рамнотежата.

Кога и да ја видам твојата зеница во окото јас не се наоѓам на земја. Да, би можела со векови да гледам како само се смееш, животот - рај ќе ми биде. Ех, кога би знаел дека постои некоја која го чека моментот да ти се втурни во прегратките, да ти ги допре усните!!! Ех кога би знаел...Со тебе каде и да сум, ќе бидам пресреќна и на крајот од светот со тебе. Со тебе сакам да ги доживеам најубавите моменти кои секој човек ги посакува, со тебе во среќни моменти и во тажни, какво значење ќе имаат тажните денови кога сум со тебе? Те сакам тебе, таков каков што си со сите твои маани и недостатоци, со сите дарби и доблести.Нема да те сакам само со срцето, ќе те сакам и со душата, затоа што кога срцето ќе престане да работи душата ќе продолжи да те сака.

Срцето има искрени желби, кои што немаат никаква поврзаност со желбата да станеш подобра личност или да имаш подобар живот. Срцето само си кажува што сака, тоа не сака ништо повеќе.Сака само да го слушнат, да допре до личноста во чии гради бие, тоа е се што сака.Тој ден кога сакав да те прашам дали сеуште го чуваш тоа што ти го дадов, дали чука уште, тој ден те видов со неа, во грлото тешка грутка се створи и за миг очите ми се наполнија со солзи. Тој ден во мене ја уби само надежта што ја имав за тебе, но љубовта не успеа да ја убиеш,за жал...

А ти пак кога ќе сфатиш дека не можеш да живееш без мене, кога ќе ме бараш, кога ќе копнееш по мене,ете тогаш со солзи во очите ќе ти кажам: „Доцна е за се."

Само тоа ќе можеш да го чуеш. Иако и моето срце ќе копнее за тебе, ќе ме боли душата. Но, веќе е предоцна за се. Го знаеш ли она чувство кога знаеш дека е предоцна, дека ќе биде грев ако продолжиш да посакуваш, кога знаеш дека не е тој ни прв ни последен, ама за тебе е единствен. Не можеш да ја заборавиш таа личност, срцето те боли, пече како пресечено со срп, очите се отечени и уморени од плачење, душата се упропастува, но предоцна е!

Па затоа си ветив самата на себеси дека од сега ќе сакам, но нема да посакувам, ќе љубам, но нема да се заљубам. Љубовта е најнеописливото чувство, што би можел човек да го почувствува, најубавото, најслаткото нешто кое се доживува еднаш во животот и кога ќе ти се отпечати во срцето нема шанси да се избриши. Колку и да сум сигурна дека сум те заборавила секогаш кога ќе го видам твојот поглед одново и одново се створува љубов во моето срце кон тебе. Љубовта е толку магично чувство, што тешко е да се опише, колку и да се пишува нема да се долови секоја возбуда, секое брзо отчукување на срцето, секој

момент исполнет со радост и среќа. Само заљубениот може да знае за љубовната магија, само оној кој е заљубен знае што значи мислите да ти бидат постојано кај една личност. Всушност јас не сум таа што мисли на тебе, ти си тој што ми доаѓа во мислите.Ти си првото нешто на што помислувам кога некој ќе ми рече замисли си желба...

Мартина Соколоска 2-1 клас